**Година 2002, април, број 5**

# *Ф А К У Л Т Е Т С К И*

МФС

# *И Н Ф О Р М А Т О Р*

Во екот сме на летниот семестар. Истотака ова е период на засилени активности скоро на секое поле. Сигурно добро ќе ни дојдат претстојните празници. Нека се честити и среќни на сите.

## ГОСТИ НА МФС

На ден 11.04.2002 во посета на МФС беше делегација од Машинскиот факултет - Ниш во состав: проф д-р Ненад Павловиќ, продекан на факултетот, проф д-р Слободан Јовановиќ и доц. д-р Душан Стаменковиќ. На средбата беа водени разговори за меѓусебна соработка и беа разгледани активностите околу проектот мехатроника.

На ден 12.04.2002 во посета на МФС делегација од GTZ и проф. д-р Daldrup од универзитетот Ahen. Тема на разговорите беше организацијата на центрите за трансфер на технологија.

Во дводневна поста на факултетот гостуваа проф.д-р Симеон Ока, проф.д-р Предраг Стефановиќ и д-р Павле Павловиќ од Институтот Винча, Белград СРЈ. Во рамките на нивниот престој, на 18.04.2002 г. во просториите на Електростопанство на Р.Македонија одржаа презентација на тема: "Подршка на согорувањето на пламенот кај термоенергетските котли со примена на методот на плазма". На средбата присуствуваа вработени од ТЕЦ Осломеј, ТЕЦ Битола и од службите за развој на ЕСМ. На 19.04.2002 г. беше организирана посета на ТЕЦ Битола.

## БИБЛИОТЕКА

МФС го доби правото за бесплатно користење на базата на податоци INIS (International Nuclear Information System) на меѓународната агенција за нуклеарна енергија (IEA). Во тек е постапка за добивање добивање лозинки. Пропагандниот материјал може да се види во библиотеката. Од библиотеката не информираа дека се набавени примероци од најновата книга на проф. д-р Тодор Кралев "Претприемништво и мал бизнис" во издание на центарот за интернационален менаџмент, 2001 г.

## СЕМИНАР ПРИ КАТЕДРАТА ЗА ИНДУСТРИСКО ИНЖЕНЕРСТВО И МЕНАЏМЕНТ

Во организација на проф. д-р Делчо Јованоски во текот на месец март (21 и 22 март) се одржа дводневен семинар за популарната KAIZEN филозофија. Предавач беше Jurgen Spieler, еден од истакнатите доценти на институцијата REFA од Германија. На семинарот зедоа учество триесетина кандидати од разни организации од Македонија. Тие беа многу задоволни од семинарот и посакаа наскоро да има и друг за теми блиски на обработената.

## ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА ДРУШТВОТО НА ТЕРМИЧАРИ

Друштвото на термичари на РМ на ден 12.04.2002 во просториите на МФС го одржа редовното годишно собрание. На него се изврши избор на работни тела на собранието, и се разгледаа извештајот и програмата за работа.

## ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ПРОИЗВОДИ НА ФИРМАТА " HERZ "

Во организација на друштвото на термичари на РМ и фирмата "KOSKOM" на ден 12.04.2002 во просториите на МФС се одржа презентација на производната програма на фирмата по што следеше коктел за присутните на презентацијата (вработените на факултетот, студентите и претставници од стопанството).

## ПОСЕТА НА БЕЛГРАДСКИОТ САЕМ НА АВТОМОБИЛИ

На ден 10.04.2002 студентите од насоката моторни возила при МФС извршија организирана посета на саемот на автомобили во Белград и на Машинскиот факултет во Белград (лаболаторија за моторни возила).

## БОРД НА ЕВРОПСКИТЕ СТУДЕНТИ ПО ТЕХНОЛОГИЈА - СКОПЈЕ

На ден 06.03.2002 организацијата на студенти на техничките факултети 'BEST-СКОПЈЕ" е преимена во светската организација "BEST" која врши размена на студенти, учество, организирање на стручни семинари. Студентите ги повикуваат професорите и асистентие на соработка.

## ГРАФОСКОПИ И РЕНОВИРАЊЕ

Продеканот проф. д-р Иван Мицковски информира дека е завршено опремувањето на анексот со графоскопи. Со тоа е комплетирано опремувањето на факултетот со графоскопи. Реновирани се и студентските простории во барака 5. Воедно продеканот потсетува на внимавање на промените на законот за јавни набавки. Во врска со тоа подетални информации ќе добиете кај секретарот на факултетот.

## РЕГИОНАЛНА СРЕДБА ВО ЌУСТЕНДИЛ, БУГАРИЈА

На ден 15.04.2002 и 16.04.2002 во Ќустендил, Р. Бугарија се одржа втората регионална средба на градовите од регионот: Куманово, Ќустендил и Бујановац на тема "Можности за формирање на Еврорегион". На средбата присуствуваа 70 учесници од сите три држави. Преставник од Машинскиот факултет беше продеканот Миле Димитровски. Формирањето на еврорегионот може да биде од интерес на трите држави. Во негови рамки се планира формирање на регионален центар за трансфер на технологии кој може да биде од интерес за МФС. Следната средба се планира да се одржи во Врање, ноември 2002.

## ИЗБОР ВО ПОВИСОКИ НАСТАВНО НАУЧНИ ЗВАЊА

1. Во редовни професори: Љубица Петрушевска, Милан Ќосевски, Миколај Кузиновски.

***Искрени честитки и желби за понатамошно напредување во кариерата***

## О Т С У С Т В А

1. Проф. д-р Томислав Златановски, студиски престој во Институтот за механика на флуиди при Бундесфер Универзитетот во Хамбург, СРГ.
2. Асс. м-р Искра Дуковска - Поповска, стручен престој во Данска, на докторски студии.
3. Асс. м-р Зоран Марков, сеуште на отслужување на воен рок. МИРРНО!
4. Проф. д-р Славе Арменски, студиски престој во Р.Бугарија од 28 до 30 март, 2002.
5. Проф. д-р Драги Данев, работна посета на Машинскиот Факултет во Белград и Техничкиот Факултет во Нови Сад, СРЈ на 5 и 6 април, 2002.
6. Стр. сор. Роза Ацеска, учество на симпозиум од 10 до 12 април, 2002 во Нови Сад, СРЈ.
7. Проф. д-р Тодор Давчев, изведување на стручна обука во СР Германија, од 13 до 22 април, 2002 со студентите од Земјоделскиот Факултет во Скопје, запишани на насока земјоделска техника.
8. Асс. м-р Ристо Филкоски, учество на 16-тиот конгрес "Procesing 2002" од 16 до 20 април, 2002 во Суботица, СРЈ.
9. Проф. д-р Тодор Аџиев и асс. м-р Ѓорѓи Аџиев, работна посета на Машински Факултет во Марибор, Р. Словенија од 15 до 19 април, 2002.
10. Проф. д-р Јован Гочев, службено патување во НР Кина од 12 до 24 април 2002 во врска со прием на опрема за ХЕЦ Козјак.
11. Проф. д-р Делчо Јованоски, престој во TFH Wildau во Берлин, СРГ од 17 до 24 април, 2002 за можна соработка при развивање систем на квалитет на високошколски институции.

## "ПРОМЕНА НА E-MAIL АДРЕСА"

Реализирано е скратување на е-маил адреси на сите корисници. Наместо ime@ereb1.mf.ukim.edu.mk Вашата нова адреса гласи: ime@mf.ukim.edu.mk. Поштата која доаѓа адресирана на ереб1 и понатаму ќе се прима како и до сега. Во моментов се работи на проблемот околу прифаќањето на поштата адресирана на ереб.

П.С. Како сте задоволни од брзината на интернетот?

Сметачки Центар

## КОШАРКА

Кошаркарската екипа на МФС ќе учествува на меморијалниот турнир "Томе Атанасовски - Барбак" кој ќе се одржи од 07.05.2002 до 15.05.2002.

## КАЛЕНДАР И ПОТСЕТНИК

**25.04.2002**
**17 СЕДНИЦА НА ННС**

**30.05.2002**
**18 СЕДНИЦА НА ННС**

**01.05.2002 - 06.05.2002**
**ПРАЗНУВАЊЕ НА ПРВИ МАЈ И ВЕЛИГДЕН**

**СЕДНИЦА НА УПРАВА ВО ВТОРНИЦИТЕ**
**ПРЕД ННС ПО ПОТРЕБА**

***ИНФОРМАТОРОТ ИЗЛЕГУВА СЕКОЈ ПОСЛЕДЕН ЧЕТВРТОК ВО МЕСЕЦОТ И ПО ПОТРЕБА.***

## Техничко уредување:

*Тони Манџуковски*

*Борис Рошков*